Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 06.10.2021

На 05.10.2021 околу 21.35 часот, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, врз основа на судска наредба, го приведе 29-годишниот Ј.З. од гостиварска Долна Бањица, осуден на затворска казна за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", согласно член 215 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово.

На 06.10.2021 во 01.00 часот од страна на полициски службеници од Полициско одделение Жеровјане во с.Радиовце бил лишен од слобода Е.И.(31) од с.Горно Седларце, тетовско. При контрола на патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, кое тој го управувал, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2021 во 23.54 часот во СВР Скопје М.Б.(45) од Скопје пријавил дека на тераса од угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од А.Ј.(28) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 53 прекршоци, од кои 36 за управување возило со брзина поголема од дозволената надвор од населено место и 17 во населено место. На сите возачи им беше изречени соодветни санкции.

На 05.10.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 24 мерки против возачи, од кои 21 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и против 3 возачи за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 3 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 05.10.2021 во 21.00 часот во с.Јажинце, полициски службеници од Полициската станица за Гранични надзор Рогачево ги лишиле од слобода С.И.(34) од с.Слатино, тетовско и Н.Е.(35) од с.Јажинце, тетовско. При преглед во патничко моторно возило „гранд чироки", во кое биле двајцата, пронајдени се куршуми за карабин непознат калибар и пиштол „ца-75", кој со дозвола го поседувал С.И.. Тие биле задржани во полициска станица, а за настанот бил известен и Јавен обвинителот.

На 05.10.2021 во 07.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „хонда" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.П.(29) од Скопје и автобус „ман" со скопски регистарски ознаки, управуван од Ѓ.М.(49) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од патничкото возило П.П.(64) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатото денонќие (05.10/06.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 47 прекршоци.

На 05.10.2021 во 10.00 часот во Полициската станица Карпош, П.П.(76) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2021 во 19.20 часот во Полициската станица Драчево, С.А.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Герника" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Н.Х.(59) од с.Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп". На 20.09.2021 во Кичево, полициски службеници запреле патничко возило „фолксваген голф", управувано од пријавениот и откако констатирале сообраќајни прекршоци тој им понудил паре да не ја напишат казната.

Денеска (06.10.2021) во 09.00 часот во Полициската станица Карпош бил приведен Б.Ц.(39) од с.Кучевиште, скопско, поради сомнение за сторено кривично дело по член 235 од Кривичниот законик. Тој се сомничи дека на 15.06.2021 извршил кражба во Скопје. Со него бил извршен службен разговор, а украденото ќе биде вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот против Б.Ц. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.10.2021 во 14.30 часот на ул.„Владимир Полежиновски" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода И.М.(31) од Скопје. Тој бил затекнат од сопственик на правен субјект во трговски центар при обид да извршил тешка кражба. И.М. бил приведен во полициска станица и по комплетирање на доказниот материјал ќе биде поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против Н.А.(35) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги" и М.К.(36) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.06.2021 на излезот од Кавадарци полициски службеници извршиле преглед и на совозачкото седиште во патничко возило „ауди", управувано од второпријавениот, а како совозач бил првопријавениот, бил пронајден и одземен кокаин. По преземени мерки констатирано било дека во текот на јуни 2021 во Кавадарци првопријавениот му го дал кокаинот на второпријавениот за користење.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Ј.(32) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 15.05.2021 во спортска обложувалница во Тетово, по завршување на работната смена на пријавениот од дневниот промет во обложувалницата недостигале 60.000 денари, односно тој паричните средства, кои му биле доверени на чување, противправно ги присвоил.

СВР Тетово поднесе кривични пријави против К.Е.(23) од Дебар, М.А., Г.Д. и К.Ц., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените без дозвола се движеле за време на забрана за движење на населението на територијата на Република Северна Македонија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против А.И.(83) од с.Бајрамовци–Центар Жупа поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 31.08.2021 во с.Бајрамовци, полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за домашна изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 05.10.2021 во СВР Битола било пријавено дека од објект во изградба на ул. „Крушевска република" во Битола, Б.Н.(62) од с.Барешани, битолско, додека изведувал градежни работи паднал и починал. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Битола, а по наредба на Јавен обвинител телото било предадено во судска медицина за обдукција. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола заедно со трудов инспектор.

На 05.10.2021 околу 09.00 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека во атар на с.Кундино, пробиштипско, на место викано „Бела Вода", настанал пожар при што била опожарена нискостебленста шума и сува трева. Во 15.00 часот пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Пробиштип. Околу 22.50 часот на наведеното место, во својата бавча бил пронајден починат Д.Г.(82) од Пробиштип со видливи изгореници на телото. Увид извршила екипа од Полициската станица Пробиштип.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.П., управител и сопственик на правно лице-угостителски објект во с.Беловиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 28.02.2021 во с.Беловиште, полициски службеници извршиле контрола на објектот во 21.20 часот и било констатирано дека работи и во него имало осум гости, со што пријавениот постапил спротивно на донесена одлука на Влада на Република Северна Македонија скратување на работното време на угостителските објекти.

На 05.10.2021 во 17.20 часот во СВР Скопје, М.Ј.Д.(47) од Скопје пријавила дека околу 17.00 часот на паркинг пред угостителски објект на подрачје на Аеродром, по претходна расправија, била физички нападната од Е.Ц.(24) од Скопје, женско лице. Сочинет е записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 05.10.2021 во 09.30 часот на површината на водата од езерото „Козјак" било пронајдено телото на Б.Л.(55) од с.Пополжани, кичевско, кој на 25.09.2021, додека ловел риба, паднал во водите на езерото и се удавил. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Македонски Брод, а по Наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството.

На 05.10.2021 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Јавна установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение се оддалечил нивниот штитеник Д.С.(17) од Крива Паланка, кој и претходно се оддалечувал од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.10.2021 во 20.00 часот во Полициската станица Чаир, Р.С.(44) од скопско, пријавил дека околу 13.45 часот на ул.„Кемал Сејфула" бил пресретнат од В.К. и Б.М., при што В.К. со закана го внел во возилото „фолксваген голф", кое го управувал Б.М.. Според пријавеното, потоа В.К. физички го нападнал, а причина за тоа бил долг што го имал кон него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 12.30 часот во СВР Тетово, С.С.(46) од Тетово пријавил дека непознати лица околу 11 часот оштетиле рекламен материјал на политичка партија, кој бил поставен на улица „Благоја Тоска" во Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 19.00 часот во с.Стајковци, скопско, за време на одржување на собир на политичка партија, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.М.(53) од с.Стајковци затоа што под дејство на алкохол го нарушил јавниот ред и мир и не почитувал наредба на полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2021 во 20.00 часот на ул.„Даме Груев" во Скопје, за време на одржување на собир на политичка партија, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(63) од Скопје затоа што под дејство на алкохол го нарушил јавниот ред и мир и не почитувал наредба на полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2021 во 01.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" има искинати повеќе плакати од политичка партија во врска со локалните избори. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во периодот од 03.10 до 05.10.2021 непознат сторител со употреба на сила влегол во кругот од фабриката „11-ти Октомври - Еурокомпозит" на ул.„Александар Македонски", по што со подесен алат влегол во неколку објекти и одзел неколку парчиња оружје и други предмети. Увид извршила увидна екипа од ОВР Прилеп и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница во с.Батинци, скопско, едно лице физички го нападнало работниот и одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Карпош, И.Б.(38) од Скопје пријавил дека на 04.10.2021 околу 12.00 часот на кејот на река Вардар, во близина на мостот „Газела", три машки лица со закана со нож му одзеле два мобилни телефони, пари и банкарска картичка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2021 во 21.33 часот во СВР Куманово, М.Д., кандидат за градоначалник на Куманово пријавил дека, додека имал средба со граѓани во Долно Којнаре, кај спортското игралиште, Д.„Н" и З.П. го навредувале и му се заканувале, по што се обиделе и физички да го нападнат. Се работи на расчистување на случајот.